25833

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
**pres-kliping • press-clipping**
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista / Newspaper cutting: НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
14. XII. 1979, 11814, 8,6,

### КРИТИЧКИ МОМЕНТИ

# ЦРТЕЖОТ СО НОВА КВАЛИТЕТНА ДИМЕНЗИЈА

● КОН ИЗЛОЖБАТА НА ЦРТЕЖИ НА МЛАДИОТ САЛИКАР РУБЕНС КОРУБИН ВО ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДЛУМ ВО ТРГОВСКИОТ ЦЕНТАР

**И ОВОЈПАТ РЕЛАТИВНО** новиот излагачки простор во Скопје — Салонот на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, одржува едно навистина завидно квалитетно ниво, за кое треба да им се заблагодариме пред сѐ на младите, авангардни уметници и на нивните современи ориентации.

Во овој момент Ликовниот салон е отстапен на цртачките преокупации на младиот сликар Рубенс Корубин, кој на најдобар можен начин ги истакна ликовно-прогресивните тенденции на својата генерација.

Рубенс Корубин се појави во нашата ликовна ситуација пред неколку години како изразит сликар на фигуративно-лирски целини, каде што неговиот уметнички темперамент со фина гестика, односно потег ги изградува и ги одредува своите стилски карактеристики.

Со оваа изложба на цртежи, Рубенс Корубин покажа дека ги надминал сите оние дилеми и вреднувања на цртежот како ликовна дисциплина и него го постави во рамноправна креативна ситуација во својата ликовна цел и во барањето на автентични средства на своето ликовно истражување. Имено, Корубин не го одделува цртежот од својот основен стилски фундамен. Напротив, забележуваме дека неговиот цртеж добива една нова квалитетна димензија која можеби е условена од техничките можности и средствата со кои уметникот се служи и експонира во денешното сфаќање на цртежот. Всушност, неговиот цртеж го поместува класичниот цртачки концепт во синтезата на пиктуралниот (сликарски) и линеарниот, условно речено, графички третман на делото.

**ВО РАЗГЛЕДУВАЊЕТО** и барањето на стилското определување, спомната е погоре неговата фигуративно-лирска опсервација со јасни елементи на „неоромантизмот“ во кој наоѓаме мотивско-стилски реминисценции на големите сликари на ренесансата: Леонардо Да Винчи и Рембрант. Во конструкцијата и сугерирањето на просторот се чувствува извесна барокна атмосфера, со интересна фигуративна типизација, односно со карактерните одлики на сликаните (цртани) фигури. Поради присутноста на спомнатите впечатоци, можеме да констатираме дека Рубенс Корубин пренесува или преведува на модерен ликовен јазик некои по малку и реални конструкции и сижеа од нашето минато во нова современа ликовна концепција. Според тоа, ова оживување и актуелизирање на минатото добива нова димензија и релација со очигледна желба, барем во моментот на посматрањето, да не оддели од нашиот секој дневен живот и последиците што ги носи со себе ова наше прогресивно, техничко време.

Во технички поглед, Корубин во поголем број трудови се служи со слободно тонирање и лавирање на површината на која со перо и туш, односно со боја исцртува и одделува фигури од тој загасит простор, односно површина. Во мотивскиот концепт забележуваме дека Корубин, покрај фигуративната организација во интимизираниот ентериер, добар дел од својата цртачка активност му посветува на асоцијативни-



**Рубенс Корубин: Под маслиново дрво, туш и сепија, 1979**

от и суптилен пејзаж во кој го задржал и го спровел својот препознатлив стилски израз.

**РАЗМИСЛУВАЈКИ** за цртежите на Рубенс Корубин, речиси ни се наметнува едно можеби и смело констатирање дека во нашиот ликовен простор се јавува извонредно интересирање и експанзија на цртежите. Сосем е разбирли во дека за оваа експанзија и квалитетно ниво придонесуваат и уметниците од младата генерација: Жарко Јакимовски, Владимир Георгиевски, Илија Пенушлиски и други. Затоа, оваа нова валоризација и потреба од цртеж ја поздравуваме со желба оваа благородна дисциплина да добива нови приврзаници и толкувачи.

**Богдан Мусовиќ**